# Доброволно помогнато умирање

Macedonian

**Препораки на Одборот за правни и општествени прашања**

Во јуни 2016 година еден повеќепартиски парламентарен одбор му поднесе на Парламентот извештај за својата анкета за прашањето на избирање на крајот на животот.

Одборот поднесе 49 препораки – 29 за подобрување на палијативната нега и 18 за планирање на идната нега.

Нивните препораки вклучија правна рамка за помогнато умирање и ја повикуваат Владата да примени доброволно помогнато умирање.

Во оформувањето на препораките на Одборот беа вклучени повеќе од 1000 поднесоци од заедницата и стручњаците. Одборот исто така ги зеде предвид истражувањата во странство и искуствата во земјите кои го легализирале доброволното помогнато умирање.

**Обврзување од страна на Владата**

Во декември Владата најави дека ќе воведе закон за легализирање на доброволното помогнато умирање на Викторијците чии животи се при крај поради сериозна и неизлечива медицинска состојба која предизвикува постојано и неиздржливо страдање.

Предложениот закон ќе биде во согласност со препораката 49 на Одборот.

Парламентот тогаш ќе гласа за предлогот на Владата. Гласањето ќе биде слободно гласање за членовите на Парламентот, што значи дека политичките партии нема да ги обврзуваат нивните пратеници како да гласаат.

**Препорака за доброволно помогнато умирање**

Што препорача Одборот?

- Одборот препорача рамка за помогнато умирање со која се дозволува на полнолетни лица способни да донесуваат одлуки, а кои страдаат од сериозна и неизлечива медицинска состојба и се при крај на животот, во извесни околности да им биде дадена помош да умрат.
- Докторите и здравствените служби ќе можат, според сопствената совест, да одбијат да учествуваат во помогнато умирање.

Кој би можел да користи доброволно помогнато умирање?

- Лицето мора:
  - да биде полнолетно и способно да донесува одлуки;
  - да живее во Викторија и да е австралиски државјанин или постојан жител;
  - да биде при крај на животот (во последните недели или месеци од животот);
  - да страда од сериозна и неизлечива медицинска состојба која предизвикува постојано и неиздржливо страдање кое не може да се намали на начин што пациентот го смета за поднослив;
  - самото да поднесе барање;
  - постојано да бара помогнато умирање и тоа да го побара три пати – едно првично усно барање; официјално писмено барање потпишано од два независни сведока; и конечно усно барање; и
  - да биде независно проценето од примарен и од секундарен доктор. Нивната улога ќе биде да обезбедат дека лицето е правилно информирано, да бидат уверени дека барањето на лицето е непроменливо и да ја проценат оправданоста на барањето.

Кој нема да може да користи доброволно помогнато умирање?

- Критериумите за правото на доброволно помогнато умирање се многу строги и на следните лица ќе нема да им биде дозволено доброволно помогнато умирање:
  - Лица кои страдаат само од ментална болест
  - Деца помлади од 18 години
  - Лица кои не се во последните месеци или недели од животот
  - Лица кои немаат сериозна и неизлечива медицинска состојба
  - Лица кои не трпат постојано и неиздржливо страдање
  - Лица кои не можат самите да поднесат барање.
- Лице не може однапред да бара доброволно помогнато умирање, на пример, во план за идна нега (advance care plan) или во налог за идна нега (advance care directive).
- Никој не може да бара помогнато умирање во име на некој друг. Барањето мора да дојде од самото лице и секогаш мора да биде на доброволна основа.

**Следни чекори**

- Одборот понуди јасна рамка за закон за помогнато умирање, но потребна е натамошна работа за да се подготви остварлива програма со силни безбедносни и заштитни мерки на ранливите лица.
- Владата формира една стручна министерска советодавна комисија (Комисија) составена од клинички, правни и потрошувачки стручњаци.
- Улогата на комисијата е да ги надгради наодите и препораките на Одборот, барајќи дискутирани и стручни совети за деталите во врска со подготвувањето и примената на една законска рамка за доброволно помогнато умирање.

- Комисијата ангажира клучни фактори со низа погледи за нејзиното подготвување и примена, користејќи ги нивните знаења и искуство да обезбедат мислења за најдобриот начин за справување со прашања во врска со достапноста, мерките за безбедност и практичните аспекти на создавањето една милосрдна и безбедна рамка за помогнато умирање.
- Како дел на консултативниот процес на располагање е еден документ за дискусија во кој се идентификувани клучните теми и прашања што ќе помогнат во донесувањето решенија за создавање милосрдна законска рамка која е применлива и вклучува силни мерки за безбедност.
- Комисијата ќе објави привремен извештај во април 2017 и конечен извештај во јули 2017 година.
- Областите што Комисијата ќе ги разгледа вклучуваат:
  - Изразите користени во конечниот извештај и неопходните дефиниции потребни за подготвување на јасен нацрт-закон.
  - Обезбедување критериумите за право на користење да се јасно дефинирани во законска рамка.
  - Како да се намали на минимум секој ризик за поединци и заедницата во врска со доброволното помогнато умирање.
  - Обезбедување мерки за безбедност за справување со ризиците и постапките за процена на барањата за доброволно помогнато умирање.
  - Заштитата на слободата на совеста на здравствените професионалци.
  - Воспоставување на соодветни механизми на надгледување.
  - Соработка со постојниот здравствен систем.

Authorised and published by the Victorian Government, 1 Treasury Place, Melbourne.
© State of Victoria, Department of Health and Human Services, February, 2017. (1701015)
Available at https://www2.health.vic.gov.au/about/health-strategies/government-response-to-inquiry-into-end-of-life-choices-final-report